**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2025 година**

**Скопје, октомври 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 октомври 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, по скратена постапка

2. Прашања и предлози

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Предлогот на закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, по скратена постапка (усогласен со Секретаријатот за законодавство), го утврди и заклучи, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:10 часот.